# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 4 година XXXVIII

Декември 2025 г.



## СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ

*СОДРЖИНА*

2 страна - **Активности на Обединетите нации**

3 страна - **Потпишан Меморандум за соработка**

4 страна - **Одржана работилница за SWOT анализа**

5 страна - **Работилница за евалуација на програмата за работа во дневните центри**

5 и 6 страна - **Одбележување на 3 декември во Владата на Р. Северна Македонија**

7, 8 и 9 страна - **Конференција на ЕАСПД „Зајакнување на семејствата и овозможување на самоопределување“**

10 и 11 страна - **Одбележување на 3 декември во Европска комисија**

11 - 15 страна
**Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА**

16 страна - **Промоција на збирка „Мостови на другарството“**

***“ПОРАКА”***
***Гласило на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Декември 2025 г. Број 4, год. XXXVIII**
Гласилото излегува секои 3 месеци

***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска Де Јонг
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

***Печати:***
Артифекс Креативе ДОО Скопје
Тираж 1.000 примероци

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, Скопје;
тел.: 329 69 61; e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk

**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

## Активности на Обединетите нации

# Одбележување на 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост

На 3 декември 2025 година, Обединетите нации го одбележаа Меѓународниот ден на лицата со попреченост согласно темата „Поттикнување на инклузивни општества за лица со попреченост за подобрување на социјалниот развој“. Овогодинешното одбележување се надоградува на моментот од Вториот светски самит за социјален развој, одржан во Доха од 4-ти до 6-ти ноември 2025 година, каде светските лидери ја потврдија својата обврска за градење на праведен, инклузивен и рамноправен свет.

Политичката декларација од Доха ја потсетува глобалната заедница дека унапредувањето на социјалниот развој е невозможен без целосна инклузија, учество и лидерство на лицата со попреченост. Сепак, во секој регион, лицата со попреченост продолжуваат да се соочуваат со постојани бариери: повисоки ризици од сиромаштија; ограничен пристап до пристојна работа и пониски плати; празнини во социјалната заштита, особено за оние во неформалниот сектор; бариери за автономија и дејствување во рамки на системите за грижа и поддршка; нееднаков пристап до асистивни технологии и пристапни средини.

Одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со попреченост се одржа виртуелно, во седиштето на Обединетите нации во Њујорк, во присуство на земји членки, лидери во системот на ОН, застапници на лица со попреченост и млади лица. Присутните разговараа за начините на кои Декларацијата од Доха ја интегрира инклузијата на лицата со попреченост и како таа може да им помогне на земјите членки, како рамка полна со практични алатки и решенија, да постигнат социјален развој за, со и од лицата со попреченост. Следниве клучни точки ја структурираа дискусијата при споделувањето на презентациите и видувањата:

1. Потенцирање на ветувачки практики, практични примери и студии на случај;
2. Како политичката декларација од Доха и програмата за активности за социјален развој можат да се искористат и да се забрза моментумот и напредокот кон инклузивни општества за лицата со попреченост и социјален напредок; и
3. Перспективата за идните случувања и предизвици за поттикнување на инклузијата на лицата со попреченост како средство за унапредување на општествениот напредок и развој.

### Порака од Генералниот секретар на ОН по повод 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост

Лицата со попреченост ги трансформираат општествата – водат кон иновации, влијаат врз политики и мобилизираат за правда. Сепак, премногу често, ускратено им е место на масата каде се носат одлуките.

Политичката декларација од Доха, усвоена минатиот месец на светскиот самит за социјален развој, ја потврдува суштинската вистина: не може да има одржлив развој без инклузија на лицата со попреченост.

Лицата со попреченост го поттикнуваат напредокот што ни користи на сите. Нивното лидерство ја подобри подготвеноста за катастрофи, го прошири инклузивното образование и вработување и обезбеди хуманитарните одговори да стигнат до оние што се најмногу изложени на ризик. Многу од иновациите што го обликуваат секојдневието – од текстуални пораки до гласовно активирани технологии – започнале како решенија развиени од и за лицата со попреченост. И покрај тоа, сè уште постојат системски бариери: дискриминација, сиромаштија и непристапни сервисни служби продолжуваат да го ограничуваат учеството на над една милијарда лица со попреченост низ целиот свет.

На овој меѓународен ден на лицата со попреченост, да се обврземе да работиме рамо до рамо со лицата со попреченост во целата нивна различност, како еднакви партнери. Кога инклузијата е вистинска, сите имаат корист. Заедно, можеме да изградиме попристапни, отпорни општества каде што сите ние напредуваме.

# Потпишан меморандум за соработка со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Заштитата од дискриминација на лицата со интелектуална попреченост е редовна програмска активност на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА. Низ годините наназад реализирани се голем број на кампањи и иницијативни во кои РЦПЛИП – ПОРАКА преземаше активности за борба против дискриминацијата, стереотипите и предрасудите за лицата со интелектуална попреченост. Исто така, постојано се спроведуваат активности и со други институции и организации кои се активни на полето на спречувањето и заштитата од дискриминација.

Една од нив е и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Изминатиов период со претставници од оваа комисија се договараа начини за продлабочување на оваа соработка, како и нејзино официјализирање преку потпишување на меморандум за соработка.

Во духот на темата за одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост оваа година, „Поттикнување на инклузивни општества за лица со попреченост за подобрување на социјалниот развој“ на 2.12.2025 година претседателот на РЦПЛИП – ПОРАКА, г-н Чедомир Трајковски и претседателот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, г-н Душан Томшиќ, потпишаа меморандум за соработка. Со овој меморандум подетално се уредува начинот на соработката помеѓу Комисијата и РЦПЛИП – ПОРАКА, односно начините на координација и имплементација на заеднички договорени активности во обезбедувањето и промовирањето на правата на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства, промоција, заштита и превенција на еднаквоста, овозможувањето системски промени и вклучување на лицата со интелектуална попреченост во сите процеси од општественото живеење.

Понатаму, се потврдува соработката во областа на еднаквоста и заштита од дискриминација во насока на остварување на правата на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства, во согласност со надлежностите утврдени со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Овој документ претставува важен чекор кон институционално и програмско поврзување, насочено кон подобрување на заштитата од дискриминација и обезбедување поголема поддршка за лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства.

Со овој Меморандум, двете институции се обврзуваат на: унапредување на пристапот до правата и услугите, заеднички активности за подигање на јавната свест и намалување на стигмата, развивање иницијативи за инклузивни политики и програми, засилена соработка при постапување по случаи на дискриминација, промовирање еднакви можности и активно учество на лицата со попреченост во сите сфери на општествениот живот.

Градењето инклузивни општества не е еднодневна активност, туку постојан процес што бара партнерства, посветеност и визија. Преку оваа соработка, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА ја изразуваат својата решеност да придонесат кон општество во кое разликите не се пречка, туку вредност што нè збогатува.

На овој 3 декември повторно ја испраќаме пораката дека човековите права се универзални и неделиви, а инклузијата е основа на напредокот. Само со заеднички напори можеме да изградиме заедници кои го почитуваат достоинството, автономијата и гласот на секоја личност.





## Активности на РЦПЛИП – ПОРАКА

# Одржана работилница за разгледување на SWOT анализите и тековното оперативно работење на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

**Работилницата за SWOT анализи и оперативно работење има за цел консолидирање и унапредување на активностите и делувањето на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА.**

РЦПЛИП – ПОРАКА години наназад организира и одржува работилници на кои се разгледуваат и дискутираат изготвените SWOT анализи на локалните организации. SWOT анализата е структуриран метод за планирање на идните стратегии на организацијата, а воедно е мошне корисна и за проценување на актуелната состојба внатре во организацијата, со сите нејзини предности и слаби страни, но и можностите и заканите кои доаѓаат од опкружувањето во кое таа организација делува. Оваа алатка, доколку реално и објективно се изготви, ќе користи за изнаоѓање на начини и модуси за подобрување и надминување на слабите страни на организацијата со цел уште поефективно да делува во својата област. Исто така, претставува солидна основа за подготвување на реални и ефективни акциони планови на организацијата, како и на повеќегодишни стратешки планови.

Оваа година Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА одржа работилница за разгледување на SWOT анализите и тековното оперативно работење на локалните организации. На овие работилници им претходеа состаноци на управните одбори во проширен состав на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА на кои се дискутирало за актуелните состојби во самите организации, и врз основа на донесените заклучоци се изготвиле и SWOT анализите.

Работилницата која ја спроведе РЦПЛИП – ПОРАКА се одржа во периодот 14 - 16 ноември 2025 година во хотел Романтик, Велес на која учествуваа по двајца претставници од повеќето локални организации.

Првиот дел од работилницата беше целосно посветен на разгледување на SWOT анализите од локалните организации. Секој од учесниците имаше можност да ја презентира изготвената SWOT анализа и да ги прикаже реалните состојби со кои се соочуваат во организацијата и во општината, но истовремено и тешкотиите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во нивното опкружување. Понатаму, учесниците ги презентираа и активностите кои во моментот се актуелни во нивните организации, како и активностите кои планираат да ги преземат во наредниот период, а водат кон унапредување на квалитетот на живеење за лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства.

Тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА, но и останатите учесници, по завршувањето на секоја презентација даваа забелешки и совети во однос на работењето на секоја од локалните организации, притоа истакнувајќи ги и позитивните примери на успешно работење. Она што како сублимат произлезе од анализата на работењето на секоја организација беше дека треба да се размислува за заземање




на поинаков пристап во осмислувањето и реализирањето на активностите.

Потребно е да се изнаоѓаат нови видови на активности со цел да се унапреди соработката како со локалните власти, така и со останатите чинители во општината.

Во текот на последниот ден учесниците работеа во групи, при што разговараа за приоритети во однос на унапредувањето на работата во сервисните служби на РЦПЛИП – ПОРАКА во период од една и од три години. Воедно, се размислуваше и се разгледуваа модели на нови сервисни служби за лица со интелектуална попреченост што би можеле да се развиваат во следниве години, доколку се создадат соодветни услови за тоа.

Работилницата за SWOT анализи и оперативно работење има за цел консолидирање и унапредување на активностите и делувањето на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА. Тоа е од особено значење во градењето и одржувањето на партнерските односи со локалните власти, како би можеле активно да придонесуваат за унапредување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост во местото на живеење и подобрувањето на квалитетот на нивното живеење.



## Активности на РЦПЛИП – ПОРАКА

# Работилница за евалуација на програмата за работа во дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, изминатиов период, работеше на преструктуирање на својата програма за работа во дневните центри. Преструктуирањето на програмите за работа со социјалните сервисни служби произлезе од потребата да се стави поголем акцент околу развивањето и задржувањето на практичните вештини и вештините за самостоен живот на корисниците.

Зајакнувањето на практичните вештини е особено важно за корисниците кои во изминатиот период останаа без своите родители, со цел да се овозможи нивно посамостојно функционирање во својот дом, со поддршка од поширокото семејство. Исто така, кај дел од корисниците на сервисните служби, како последица од пандемијата и останувањето дома, се воочува уназадување во практичните вештини.

Во рамките на постојаното унапредување на работата на своите сервисни служби за лица со интелектуална попреченост, а истовремено и како дел од програмските активности насочени кон стручно методолошка поддршка, РЦПЛИП - ПОРАКА организираше и одржа еднодневна работилница за евалуација и унапредување на работата на своите дневни центри на 4.10.2025 година. На работилницата учествуваа сите вработени лица во дневните центри и се одржа во просториите на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип. За време на работилницата се направи преглед на постигнатите резултати од воведувањето на преструктурираните програми за работа во дневните центри. Тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА, како и вработените лица меѓусебно, даваа предлози за подобрување и унапредување на содржинските аспекти во функционирањето на дневните центри. Истовремено, се укажуваше и на потешкотиите во работата и заеднички се бараа можни решенија.

Тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи континуирано да дава поддршка на персоналот за успешно планирање и реализирање на програмите за работа во мрежата на сервисни служби на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА.

## Активности на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост

# Одбележување на 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, во Владата на Република Северна Македонија

**Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост при Канцеларијата на претседателот на Владата на РСМ, организираше настан по повод одбележувањето на 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост.**

**Фокусот на настанот беше темата на Обединетите нации за 2025 година „Поттикнување на инклузивни општества за лицата со попреченост, со цел унапредување на социјалниот развој“ – која ја нагласува потребата секој човек да биде вклучен и овозможен да даде свој придонес. Лицата со попреченост се дел од секое општество и нивното вклучување во образованието, економијата, културата и јавниот живот, не е само прашање на социјална правда – тоа е предуслов за траен и одржлив развој.**

Токму затоа, денес не се зборува само за статистики или закони. Се говори за конкретна одговорност на институциите на државата и на секој од нас. Целта е јасна: да создадеме општество кое е достапно, инклузивно и праведно – општество во кое никој не е оставен. Инклузијата на лицата со попреченост е предуслов и двигател на трајни промени, основа за праведен развој и мерило на зрелоста на секое општество.

Министерот за социјална политика, демографија и млади, г-н Фатмир Лимани, во своето обраќање истакна дека овој ден е потсетник на важна вистина дека инклузијата не е само законска обврска – таа е човечка должност и темел на праведно општество. Тој рече дека во државата живеат над




94.000 лица со попреченост, а анализите покажуваат дека повеќе од една третина од граѓаните се соочуваат со некаква форма на попреченост. Овие бројки, посочи Лимани, не се статистика – тие се потсетник дека еднаквите можности мора да бидат во срцето на сите наши политики.

„Како министерство направивме важни чекори: го подобривме законодавството, ги зајакнавме социјалните услуги, вложивме во личната асистенција, раната интервенција, менталното здравје и поддршката за семејствата. Работиме на деинституционализација, поголема пристапност и вистинска вклученост во образованието, професијата и заедницата. Но, знаеме дека има уште многу работа. Затоа создадовме модерен и транспарентен систем за проценка на попреченоста, воспоставуваме Национален

регистар, нов информациски систем, дигитални алатки и асистивни технологии. Ги трансформираме услугите таму каде што им се најпотребни – во локалните заедници“ истакна Лимани.

Тој подвлече дека „Инклузијата не се гради со документи – се гради со достапни улици, отворени училници, социјални услуги што навистина допираат до луѓето, и со поглед што не осудува, туку охрабрува“.

„Нашата држава ќе продолжи да инвестира во инклузијата, не затоа што е европска препорака или законска обврска, туку затоа што е тоа исправно. Затоа што секое дете со поддршка денес, е независен млад човек утре. Секој млад човек што добива шанса да учи, работи и живее достоинствено, е граѓанин кој ја гради иднината на оваа земја. Ова е визијата што ме мотивира секој ден: општество во кое попреченоста не е причина за исклученост, туку повод за солидарност и повеќе човечност“ рече Лимани.

Министерката за образование и наука, д-р Весна Јаневска, во своето обраќање потенцираше дека министерството континуирано работи на унапредување на инклузивноста на националниот образовен систем.

„Одговоривме на барањата на многу родители кои сакаа да имаат право на избор во какво училиште ќе оди нивното дете. Ги послушавме и стручните лица кои забележуваа дека тоталната инклузија направи големи проблеми кај децата со поголеми потешкотии или мултихендикеп. Сега, со измени на регулативата, избор е на родителите заедно со Службата за функционална проценка на деца и млади, дали детето ќе оди во редовно училиште или во ресурсен центар, каде што има на располагање многу повеќе стручни лица и каде што може да му се обрне повеќе внимание. Не е целта овие деца само формално да бидат вклучени во редовно образование, туку да имаат суштински напредок“ рече д-р Јаневска.

„Ја јакнеме поддршката. За децата со посебни образовни потреби вклучени во редовно школување, значајно го зголемивме бројот на образовни асистенти. Во основното образование веќе имаме над 1.300 образовни асистенти. За прв пат од оваа учебна година, како системска мерка, воведовме 130 образовни асистенти и во средното образование. Дополнително, во секое училиште има инклузивен тим, кој им дава поддршка секогаш кога треба. А, наставниците и асистентите добиваат помош од државните основни и средни училишта со ресурсни центри. Пораката што ја испраќаме на 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост е: квалитетно, инклузивно образование не е можно без развиено инклузивно општество. Секој од нас, во својата средина треба да придонесе кон градење заедница каде лицата со попреченост не се споменуваат само еден ден, туку се вклучени во секојдневните активности и живеат, учат, работат и се дружат со луѓе кои ги поддржуваат, разбираат и не ги отфрлаат“-потенцираше д-р Јаневска.

„Заедно со министерството за социјална политика, демографија и млади и министерството за образование работиме на воспоставување семејно-ориентиран систем за рана интервенција во детството. Првите години од животот се клучни за развојот на секое дете. Здравствениот систем мора да ја препознае секоја рана потешкотија во развојот, затоа се обучуваат тимови во јавните здравствени установи во Скопје кои веќе обезбедуваа семејно-ориентирани услуги. Паралелно, министерството работи на развивање систем на скрининг за сите деца со шестгодишна возраст, со што секое дете ќе има пристап до рана процена, без разлика каде живее“ истакна министерот Алиу.

Министерот за здравство, г-н Азир Алиу, исто така потенцираше дека министерството за здравство, заедно со министерството за социјална политика, демографија и млади и со поддршка на Светска банка работи на отпочнување на заеднички пилот-проект за воспоставување сеопфатен систем за проценка на лицата со попреченост, прв чекор кон создавање единствен регистар и унапредување на законската рамка за проценка и обезбедување на правото на надоместокот за помош и нега од друго лица.

Г-н Борко Ристовски, министер за спорт, ја нагласи упорноста на лицата со попреченост и ја истакна важноста на еднаквите можности и инклузијата во општеството. Тој кажа дека министерството за спорт продолжува со активности за создавање услови за вклучување на лицата со попреченост во спортот, со цел спортот да биде достапен за сите.

„Секој човек заслужува еднакви можности и достоинствен пристап. Нашата цел е да ја унапредиме достапноста, поддршката и условите за лицата со попреченост. како министерство за спорт, континуирано работиме да создадеме реални можности за нивно активно вклучување во спортот – затоа што спортот е право, мотивација и сила за секого – изјави г-н Ристовски.

**Донација од рудникот Бучим**

# Персонализирани компјутери за потребите на дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Радовиш

Рудникот Бучим од самиот почеток на формирањето на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш ја поддржува неговата работа и спроведувањето на програмските активности. Една од традициите е новогодишното изненадување за корисниците на дневниот центар. Оваа година, менаџерскиот тим на рудникот ги изненади корисниците и донираше персонални компјутери за спроведување на програмските активности во дневниот центар.

Изразуваме голема благодарност до менаџерскиот тим на Рудникот Бучим за оваа донација која ќе помогне како алатка за едукација, комуникација, но и забава со едукативни игри за корисниците.



## Активности на ЕАСПД

# Зајакнување на семејствата и овозможување на самоопределување: Преосмислување на поддршката во секоја животна фаза

Многу лица со попреченост сè уште се потпираат на своите семејства за потребите од грижа. Нивните родители, браќа и сестри и поширокото семејство честопати треба сами да ги решат сложените правни и социјални системи.

Ваквото потпирање на неформалната поддршка покренува важни прашања за потребите, приоритетите и предизвиците со кои се соочуваат лицата со попреченост, нивните семејства и сервисите за поддршка. Сервисните служби за поддршка на лицата со попреченост треба да вклучуваат и поддршка за семејствата на лица со попреченост.

ЕАСПД, заедно со Fondazione Paideia, организираа конференција на тема „Зајакнување на семејствата и овозможување на самоопределување: Преосмислување на поддршката во секоја животна фаза“. Конференцијата се одржа во Торино, Италија на 20 – 21 октомври 2025 година. На настанот се собраа над 250 учесници од цела Европа вклучувајќи креатори на политики, обезбедувачи на сервисни служби, истражувачи, претставници на лица со попреченост и семејствата.

Конференцијата беше отворена со видео порака од Heba Hagrass, Специјалниот известувач на ОН за правата на лицата со попреченост. Таа ја призна важноста на темата на конференцијата во рамки на нејзината работа: „Мојата цел е да ја потенцирам меѓузависната врска помеѓу уживањето на човековите права од страна на децата со попреченост и уживањето на човековите права на семејствата и згрижувачите, бидејќи поголемиот дел од грижата и поддршката што им се дава на децата со попреченост ја обезбедуваат нивните семејства“.

Во текот на двата дена, се разгледуваа критичните пресеци помеѓу семејниот живот и сервисните служби за лицата со попреченост. Осврт се даде и на тоа како сервисните служби можат да одговорат на се поголемите потреби, да ги почитуваат човековите права и да поттикнуваат значајна соработка со лицата со попреченост, нивните семејства, пријателите, згрижувачите и локалните заедници.







Говорниците и учесниците истражуваа како семејните политики низ Европа ги обликуваат одговорностите за пружање грижа, и како сервисните служби можат подобро да соработуваат со семејствата за да се унапредува самоопределувањето и добросостојбата.

Во рамките на конференцијата се одржаа 3 панел дискусии и 15 работилници. Втората панел дискусија на тема „Премостување на перспективи: ЕУ и глобални пристапи кон попреченоста и долгорочната грижа“, како и една од работилниците „Ваше тело, ваш глас: сексуалност, автономија и попреченост“ ги водеше и ги модерираше програмскиот менаџер на РЦПЛИП - ПОРАКА, м-р Владо Крстовски.

Конференцијата покажа како сервисните служби за лица со попреченост можат да ја прошират својата поддршка за семејствата и неформалните згрижувачи на лицата со попреченост. Се разговараше за тоа како сервисните служби можат да се прилагодат на се поголемите потреби за поддршка, за зајакнување на соработката со семејствата и како да се овозможи учество во локалната заедница.

Во текот на конференцијата, Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби (ЕАСПД) ја претстави и Декларацијата од Торино „Зајакнување на семејствата, овозможување на самоопределување“. Декларацијата ја потпишаа 13 европски организации кои ги претставуваат лицата со попреченост, неформални згрижувачи, семејства, деца и сервиси кои ги поддржуваат. Декларацијата повикува на акции за да се обезбедат соодветни, системи за поддршка во местото на живеење кои ги зајакнуваат семејствата и неформалните згрижувачи и промовираат

## Активности на ЕАСПД

самоопределување и учество за лицата со попреченост.

Во декларацијата се истакнува дека семејствата, а особено жените, и понатаму ги пополнуваат празнините што се оставени од фрагментираните и со недоволни ресурси системи за поддршка. Ја повикува ЕУ и нејзините земји членки да инвестираат во соодветни и кон лицето насочени сервисни служби и да се обезбедат конкретни препораки кои осигуруваат дека и лицата со попреченост и нивните семејства можат да имаат пристап до поддршката што им е потребна за да го практикуваат вистинскиот избор и да имаат контрола врз сопствените животи.

„Декларацијата од Торино претставува колективен повик за итно да се адресираат празнините во поддршката за семејствата", рече Kirsi Konola, претседател на ЕАСПД. „Семејствата и лицата со попреченост не смеат повеќе да се оставени да движат низ скршени системи. Европа мора да инвестира во инклузија и да осигури дека поддршката е право, а не привилегија". Заедно, потписниците ја повикуваат ЕУ да преземе водечка улога во обликување на инклузивни и одржливи политики и:

- Да обезбеди цврсто следење на Европската стратегија за грижа, вклучително и амбициозниот Договор за грижа на ЕУ во консултација со социјалните актери;
- Да обезбеди дека во втората фаза од Стратегијата на ЕУ за права на лицата со попреченост (2026 – 2030) Европа се движи поблиску до имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост;
- Да обезбеди зајакнато собирање податоци и одговорност за имплементацијата на Гаранцијата за детето;
- Да вклучи акции за деинституционализација во Планот за домување достапно со цена.

Говорејќи за време на претставувањето на Декларацијата, John Dunne, Заседавач со Одборот на директори на Eurocarers, додаде: „Оваа Декларација претставува обединет повик за вистинска промена од страна на лицата со попреченост и нивните семејства. Поддржувањето на семејствата значи зајакнување на лицата со попреченост да живеат и целосно да учествуваат во нивните заедници".

**Следни чекори**

Декларацијата од Торино ќе се пренесе до Европската комисија, Европскиот парламент, и националните влади како придонес кон идните иницијативи за политики – вклучително и следењето на Европската стратегија за грижа, Стратегијата на ЕУ за правата на лицата со попреченост (2026 – 2030) и имплементацијата на Европскиот столб за социјални права.

### Декларација од Торино 2025

Низ цела Европа, многу лица со попреченост и понатаму се соочуваат со бариери во практикувањето на нивните основни права: особено нивното право на самоопределување, вклучително и да изберат каде и со кого ќе живеат, да одлучуваат кој ќе ги поддржува и целосно да учествуваат во нивните заедници. Овие права се тесно испреплетени со правата на нивните семејства и неформалните згрижувачи.

Националните системи за поддршка се фрагментирани, со недоволни ресурси, и недоследни во земјите и регионите. Семејствата, а особено жените, ги пополнуваат празнините кога системите не се доволни, обезбедувајќи ја потребната грижа, честопати без признание или поддршка и на сметка на нивното време, вработување, социјален живот и здравје, вклучувајќи го и менталното здравје.

Вистинската автономија и добросостојба се длабоко вкоренети во значајните врски: помеѓу лицата со попреченост, нивните семејства, пријатели, и пошироката заедница. Сервисните служби и креаторите на политики мора да соработуваат за да се создадат инклузивни места и поддржувачки средини што ги поттикнуваат овие врски. Семејствата и лицата со попреченост треба да имаат ресурси за да можат да изградат богат живот, заснован на припадност и избор.

**Ги повикуваме ЕУ и земјите членки:**

- Да ги усогласат националните политики и политиките на ЕУ со меѓународните стандарди за човекови права, вклучувајќи ги и препораките на специјалниот известувач на ОН од 2025 година за грижа и поддршка за децата со попреченост во рамки на семејната средина и нејзината родова димензија.
- Да осигурат децата да растат во семејна средина и системи за поддршка кои ги почитуваат правата и изборот на лицата со попреченост, вклучувајќи кој ги поддржува и како. Да се признаат и да се поддржуваат семејствата во дефинирањето на нивната улога во пружањето грижа, вклучително и изборот да не бидат примарните згрижувачи на нивните возрасни роднини со попреченост. Ова бара осигурување на достапност на поддршка базирана на права и поддршка во местото на живеење.
- Да дизајнираат и да имплементираат политики кои промовираат родова еднаквост во пружањето грижа, исто така да ја адресираат меѓусебната поврзаност на попреченоста и мајчинството, така што жените со попреченост ќе добијат поддршка скроена за нив за да ги надминуваат сложените бариери.
- Да обезбедат механизми за планирање низ целиот живот од (рано) детство до зрелоста, староста, осигурувајќи континуитет низ транзициите и зајакнувањето на лицата со попреченост. Да осигурат дека волјата и преференците на лицата со попреченост се централни во планирањето што треба да се поддржи од континуирана и пристапна комуникација, како и пристапни, централизирани информациски центри и независна навигација, и сервисни служби за застапување кои ќе ги насочуваат семејствата.
- Да им гарантираат на лицата со попреченост доживотен пристап до грижа и поддршка во местото на живеење, здравствена заштита, инклузивни спортови и социјални можности, рани искуства за градење на самостојноста и проширување на можностите за вработување вклучително и за оние со големи потреби за поддршка.
- Да инвестираат во висококвалитетни сервисни служби во местото на живеење кои се пристапни, достапни

## Активности на ЕАСПД

со цена и насочени кон лицето, со долгорочна визија насочена кон превенција, и цврсти рамки за мониторинг, евалуација и осигурување на квалитетот.

- Да ја поддржуваат работната сила што обезбедува грижа и поддршка со фер плата, обука и адекватни ресурси, вклучувајќи соодветни нивоа на персонал, за да се овозможат квалитетни и кон лицето насочени пристапи. Да се обезбеди добро ментално здравје и добросостојба на вработените преку превентивни мерки и редовна супервизија.
- Да промовираат инклузивни простори и учество на заедницата, зајакнувајќи ги врските и социјалните поврзувања, започнувајќи од раното детство.
- Да им обезбедуваат на згрижувачите мрежи за врсничка поддршка, рана обука и превенција на менталното здравје и мерки за поддршка, заедно со скроени пристапи кои ги одразуваат родовите, културните и потребите на целото семејство, вклучувајќи ги оние на браќата и сестрите и на бабите и дедовците.
- Да се поддржат неформалните згрижувачи со флексибилна работа, социјална заштита и адекватна финансиска поддршка, и сервисни служби за одмена на семејна грижа во местото на живеење, како во домот така и преку инклузивни активности во заедницата.
- Значајно и систематски да ги консултираат децата и возрасните со попреченост и нивните згрижувачи за да осигурат дека нивните потреби и аспирации поттикнуваат поддршка и копродукција во дизајнот, управувањето и евалуацијата на сервисните служби и на вклучувањето на темите од попреченоста во редовните текови на политиките.
- Да го префрлаат финансирањето кон персонализирани модели на финансирање (вклучувајќи лична асистенција, ваучери, лични буџети).

**ЕУ мора да ја преземе водечката улога во обликувањето на инклузивни и одржливи политики за следните години. Тоа бара конкретни обврски на европско ниво и особено преку:**

- Цврсто следење на Европската стратегија за грижа, вклучувајќи амбициозен ЕУ договор за грижа, во консултација со социјалните актери: да се обезбеди дека националните акциски планови пружаат долгорочна грижа што е достапна со цена, навремена и сеопфатна; континуирано да се подобрува квалитетот и пристапноста; и дека неформалните згрижувачи добиваат адекватна поддршка со финансиски, психолошки мерки, обука и одмена.
- Втора фаза од Стратегијата на ЕУ за правата на лица со попреченост (2026-2030): Зајакнување на интервенциите во раното детство, поддршка на самостојното живеење и деинституционализација, унапредување на пристапот до вработување, подобрување на пристапноста, гарантирање на деловна способност и целосна имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.
- Робусна имплементација и мониторинг на Гаранцијата за детето: Да се осигури дека децата со попреченост и нивните семејства имаат ефективен пристап до идентификација и интервенција во раното детство, инклузивно образование, здравствена грижа, исхрана и соодветно домување, и сета потребна поддршка за да се избегне одделување од семејството, како и признавање и поддршка за неформалните згрижувачи. Ова треба да се поврзе со зајакнување на собирањето податоци и веродостојноста.
- Активности за деинституционализација во планот за домување достапно со цена: отстранување на бариерите за пристап до домување за лицата со попреченост вклучително и оние со повисоки потреби за поддршка, зајакнување на улогата на сервисните служби во местото на живеење како обезбедувачи на домување за лицата со попреченост и подобрување на меѓусекторската соработка помеѓу секторите за домување и за лица со попреченост.
- Сеопфатен акциски план во рамките на Европскиот столб за социјални права: Преточување на обврските за рамнотежа помеѓу работата и приватниот живот, социјална заштита, пристап до долгорочна грижа и вклучување на лица со попреченост и згрижувачи во конкретни и соодветно финансирани иницијативи, вклучувајќи и воспоставување на Европска платформа за долгорочна грижа.
- Зајакнато собирање податоци на ниво на ЕУ: финансирање на компаративни истражувања, и пилотирање на иновативни модели на грижа во местото на живеење за да се поттикне континуирано подобрување и споделено учење на политиките помеѓу земјите членки.

### Нашата заедничка посветеност

Заедно, се обврзуваме да градиме системи во кои:

- Лицата со попреченост практикуваат вистински избори и контрола.
- Семејствата се признаени и поддржани, а не преоптоварени.
- Сервисните служби се вреднувани, иновативни, висококвалитетни, одржливи и се блиску до лицата на кои им се потребни.

**Се обврзуваме да работиме кон Европа во која поддршката е право, а не привилегија: каде автономијата и инклузијата се правило, и каде секој може да живее, да сака и целосно да учествува, од сите возрасти, признавајќи дека секој може да доживее ранливост или да има потреба од поддршка, во одреден момент од својот живот.**



## Активности на Европската комисија

# Одбележување на 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост во Европската комисија

**Европската комисија, во партнерство со Европскиот форум за попреченост (ЕДФ) организираше дводневна конференција по повод 3 декември, која се одржа на 4-ти и 5-ти декември во Брисел. На конференцијата присуствуваа креатори на политики, организации и лица со попреченост со цел унапредување на инклузијата и еднаквоста на лицата со попреченост во Европа.**

На дводневната конференција имаше многу дебати и дискусии преку кои се истражуваше патот кон праведна, отпорна и инклузивна Унија. Овие дискусии беа распоредени во три стратешки панели, секој разгледувајќи ги критичните предизвици и можности кои ги обликуваат правата и секојдневните реалности на лицата со попреченост. Настанот претставуваше уникатна можност за споделување на перспективи, размена на најдобри практики и осигури никој да не биде изоставен во социјалната и економска иднина на Европа.

На првиот панел насловен „Напредување: Следното поглавје во имплементирање на Стратегијата за правата на лицата со попреченост 2021 – 2030“ присутните се осврнаа на тоа како ЕУ и нејзините земји членки можат дополнително да ја унапредат имплементацијата на Стратегијата за правата на лицата со попреченост, осигурувајќи дека ќе се претвори во опипливи подобрувања во нејзините осум области вклучувајќи пристапност, самостојно живеење и еднакво учество. Говорниците ги споделија успешните прикази и постигнатите резултати, а ги дискутираа и предизвиците кои претстојат, додека се истражуваат идните активности за правата на лицата со попреченост да станат реалност низ цела Европа.

Вториот панел: „Финансирање на Унијата за еднаквост: кон буџет на ЕУ кој ги вклучува лицата со попреченост“ разгледуваше како финансиските инструменти на ЕУ довеле и можат да продолжат да водат кон вистински промени за лицата со попреченост, на пример преку обезбедување дека пристапноста и инклузијата се систематски интегрирани во финансирањето на ЕУ. За време на дискусијата се разговараше како фондовите на ЕУ, вклучително и политиките за кохезија, социјалните фондови и други инструменти на ЕУ, можат да се усогласат со целите на Стратегијата за правата на лицата со попреченост.

Третиот панел: „Подготвеност и менаџирање со кризи што ги вклучува и лицата со попреченост“ се фокусираше на тоа како ЕУ и земјите членки можат да обезбедат лицата со попреченост да бидат вклучени во подготвеноста за вонредни состојби и менаџирање со кризи, надоградувајќи се на лекциите научени од неодамнешните кризи. Говорниците, меѓу другото, ја истакнаа потребата од пристапни системи за рано предупредување, инклузивни мерки за цивилна заштита и активно вклучување на лицата со попреченост во планирањето и напорите за одговор за да се обезбеди отпорност, безбедност и еднаква заштита за сите за време на вонредни состојби.

Европскиот форум за попреченост и неговите членки ја повикаа Европската унија, националните влади и меѓународните организации соодветно да ги финансираат и поддржуваат организациите на лица со попреченост и организациите од граѓанското општество воопшто.

Организациите на лица со попреченост се неопходни за да се обезбеди демократски и целосно инклузивен политички процес. Нивното соодветно функционирање е суштинско за информирано донесување на одлуки и барање за сите земји што ја ратификувале Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост. Адекватното финансирање е клучно за соодветно финансирање.

Сепак, европските влади и власти продолжуваат тоа го деприоритизираат:

- Буџетот на Финскиот форум за попреченост беше намален од страна на владата во 2024 година. Владата првично одобрила 25.000 евра, што е само 17% од финансирањето побарано од Финскиот форум за попреченост. Властите одобриле дополнителни 43.000 евра по силен политички притисок. Сепак, овие финансии не ги покриваат ниту платите на членот од персоналот кој е со полно работно време.
- Во Шведска, организациите на лица со попреченост и граѓанските организации општо, се борат со намалувањата на буџетите бидејќи одредени политички партии прават притисок за одземање на главното финансирање на проекти за организациите на лицата со попреченост. Финансирањето за младинските организации, вклучително и организациите на млади лица со попреченост, беше намалено за една шестина, на нивоа на финансирање толку ниски како во 2011 година.

Ова се само два примери во трендот што се шири скоро низ цела Европа. Како што рече еден застапник за правата на лицата со попреченост кој работи во Шведска: „Во овие времиња на регресија на правата на лицата со попреченост во многу сектори, потребата од стабилно и одржливо финансирање е поважна од било кога.“

Не се зафатени само организации на лица со попреченост, туку и два други витални сектори: сервисни служби што даваат поддршка на лицата со попреченост, и поширокото граѓанско општество:

- Пристапот до сервисни служби и поддршка им овозможува на лицата со попреченост целосно да учествуваат во јавниот живот и да ги бранат своите права.
- Поддршката од поширокото граѓанско општество гарантира дека правата на лицата со попреченост напредуваат во сите сфери од животот – од климатски акции до социјални прашања и повеќе од тоа.

Поради тоа, на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, ја повикуваме Европската унија и

## Активности на Европската комисија

нејзините членки, да го сменат трендот на намалување на финансирањето на нашите организации и граѓанското општество. Ги повикуваме институциите на Европската унија да:

- Го зајакнат финансирањето за европските и националните организации на лицата со попреченост во следната повеќегодишна финансиска рамка.
- Ги укинат сите рестрикции и да гарантираат финансирање за поширокото движење на граѓанското општество, вклучително и за застапувањето кое ги поддржува интересите на граѓаните.
- Ги унапредат активностите за поддршка на граѓанското општество: повторно да се обврзат на европската директива за прекугранични асоцијации; воспостават мониторинг и механизам за предупредување, кој би ги следел ограничувањата на граѓанскиот простор и би дозволил брз одговор; ги заштитат бранителите на човекови права и организациите кои се нападнати преку финансиска, правна и психо-социјална поддршка.

Апелираме до Европската унија и европските земји да го сменат трендот на намалување на финансирањето и ограничување на активностите на организациите со лица со попреченост:

- Да воспостават правен механизам кој обезбедува соодветно и стабилно финансирање за лица со попреченост.
- Да гарантираат дека организациите на лица со попреченост се соодветно вклучени на сите нивоа на донесување одлуки.
- Да обезбедат соодветно финансирање за поддршка и сервисни служби за лица со попреченост и да гарантираат дека нема прекумерни ограничувања за нивното учество во политичкиот и јавниот живот.

**Добар пример – Луксембург**

Ги повикуваме политичарите и донесувачите на одлуки да го следат примерот на луксембуршката влада, која го зголеми финансирањето за секторот одговорен за лицата со попреченост во 2025 и 2026 година.

Договорот на коалициската влада со право го идентификуваше целосното имплементирање на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лица со попреченост како приоритет.

Тоа вклучува планирани одржливи зголемувања во буџетите што се распределуваат за секторот одговорен за лицата со попреченост: значително зголемување од 28% помеѓу 2024 и 2025 година, и понатамошни покачувања од помеѓу 4 и 8% што се планирани до 2029 година.

Луксембуршкиот пример покажува дека државите можат да ги поддржуваат лицата со попреченост и да ја обезбедат многу потребната стабилност и предвидливост за организациите кои ги бранат нашите права.

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА, по повод 3 декември, меѓународен ден на лицата со попреченост

По повод 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, **Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Демир Хисар** активностите ги започна во октомври кога распиша конкурс за ликовни и литературни творби на тема „Поддршката ваша – среќна иднина наша“ за учениците од основното и средното образование. На 25-ти ноември се одржа работилница на тема: „Остварување на правата и заштита на лицата со попреченост“ на која учествуваа претставници на државните институции на локално ниво, родители на



лица со интелектуална попреченост и други заинтересиран и граѓани. На работилницата се разговараше на теми од областите на здравствена заштита и осигурување, вработување, социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, а се однесуваат на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства. На 3-ти декември во Домот на пензионерите, Демир Хисар, а со поддршка на Општината, се одржа настан за одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост на кој присуствуваа претставници од институциите кои делуваат во областа на попреченоста, родители на лица со интелектуална попреченост, соработници на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар и други чинители на локално ниво. Покровител на настанот беше градоначалникот на општина Демир Хисар, г-н Никола Најдовски. Градоначалникот Најдовски изрази јавна и срдечна благодарност, пред сè, за укажаната чест да биде дел од овој настан, не само како покровител, туку и како човек кој секогаш ја дава поддршката во креирање на инклузивни и сеопфатни мерки и активности кога е во прашање интеграцијата на лицата со попреченост. На настанот беа доделени награди и признанија на ученици од основните училишта, како и на ученици од средното училиште за ликовни и литературни творби. А, како израз на признание и во знак на успешна соработка и придонес во

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА





остварувањето на програмата за работа, ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар, додели благодарници до јавни установи и претпријатија, како и до истакнати поединци - соработници.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Радовиш** со низа активности го одбележа Меѓународниот ден на лицата со попреченост. На 28-ми ноември корисниците на дневниот центар ја посетија фурната „Долче Вита“ и имаа можност да се запознаат со начинот на изработка на прочуениот традиционален радовишки сомун во фурна. Голема благодарност до семејството Чешмеџиеви кои беа одлични домаќини, но, исто така, и на доставата на нивниот специјалитет, кој корисниците го вкусија во дневниот центар. На 2-ри декември се одржа ликовна работилница со ученици од СОУ „Коста Сусинов“ во просториите на дневниот центар во Радовиш на која се изработуваа разни новогодишни украси и сувенири. На 3-ти декември, во просториите на дневниот центар се одржа настан за одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост на кој присуствуваа поддржувачи и соработници на дневниот центар и на ЦПЛИП - ПОРАКА Радовиш. На почетокот од настанот, на присутните им се обрати претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш, г-ѓа Виолетка Србакова, изразувајќи голема благодарност на поддржувачите на дневниот центар, а за активностите на дневниот центар краток осврт даде Татјана Костадинова. Следеше претпремиера на театарската претстава „Трите прасиња“ во која актери се корисници од дневниот центар на РЦПЛИП -ПОРАКА во Радовиш и ученици од СОУ „Коста Сусинов“. На крајот од настанот се доделија благодарници на општествени институции, образовни институции и поединци кои во текот на минатава година дадоа поддршка на функционирањето на дневниот центар и помогнаа во реализирањето на активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш. На 7-ми декември се одржа традиционалниот хуманитарен настан „Радовишка етно софра“ во организација на „ВЕРИЦА“, при што собраните средства од лицитацијата на специјалитети на радовишката кујна ќе бидат наменети за корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП -ПОРАКА во Радовиш, како и за две лица од Радовиш на кои им е потребно лекување во Турција.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Битола,** по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со попреченост организираше промоција на инклузивна литературно—ликовна збирка. Настанот за промоцијата на збирката „Мостови на другарство“ се одржа на 5-ти декември во Центарот за култура – Битола. Настанот го водеше г-ѓа Николина Ѓуровска, професорка во СОУ Гимназија „Јосип Броз - Тито“ Битола, а учествуваа 10 корисници на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола и 6 ученици од СОУ Гимназија „Јосип Броз - Тито“. Исто така, се презентираа и ликовните творби изработени од корисниците на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола и ученици од основни училишта во Битола кои се најдоа на страниците од збирката. Градоначалникот на општина Битола, д-р Тони Коњановски, присуствуваше на промоцијата и повторно ја изрази својата и поддршката на општината за унапредување на состојбите на лицата со интелектуална попреченост на локално ниво, како и на активностите кои ги реализира ЦПЛИП – ПОРАКА Битола. На крајот од настанот, се доделија благодарници на авторите на литературните творби во збирката, како и на поддржувачи и соработници на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола кои изминатава година придонесоа за успешно реализирање на програмските активности на социјалниот клуб и на организацијата.

По повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, **Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Прилеп** организираше низа активности. На 28-ми ноември се реализираше креативна работилница со ученици од основното училиште „Јонче Смугрески“- село Оршани. Работилницата се одржа во просториите на дневниот центар каде со користење на најразлични материјали и техники се изработуваа новогодишни изработки. На 1-ви декември корисниците на дневниот центар и едукаторот гостуваа на поткаст-емисијата „Пулсот на младите“. Како гости, корисниците и едукаторот имаа можност да ја раскажат нивната приказна и искуствата кои ги носат во себе. Сите заедно испратија важна порака дека сите сме подеднакво вредни. На 2-ри декември со



## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

членови и ветерани од џудо клубот Сејшин се реализираше инклузивна активност - пешачење до манастирот Покров на Пресвета Богородица, село Волково. На 3-ти декември, корисниците на дневниот центар учествуваа на инклузивен настан во киното „Мис Стон", организиран од страна на Општина Прилеп и Општинското инклузивно тело. Дел од корисниците со рецитал учествуваа во настанот, додека останатите корисници им дадоа поддршка. На 5-ти декември корисниците на дневниот центар во Прилеп учествуваа на инклузивен настан организиран од „Интеракт клуб" при СОУ „Мирче Ацев" во Прилеп. Целата програма беше збогатена и со музички дел кој го изведуваа неколку ученици од средното училиште, но и дел од корисниците имаа можност да го покажат својот талент преку пеење песни. На 9-ти декември традиционално и оваа година корисниците на дневниот центар ја посетија биохемиската лабораторија „Максим". Корисниците имаа можност да разгледаат најразлични апарати за обработка на крв и да се запознаат со процесот на изработка на резултати. Традиционално и оваа година корисниците на дневниот центар направија рутински стоматолошки преглед во стоматолошката ординација „Д-р Калцоски". Корисниците имаа можност да разговараат, да се дружат и да добијат совети за одржување здрава насмевка од д-р Трајче.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – Македонска Каменица,** овогодинешното одбележување на 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост го одбележа со средба со градоначалничката на општина Македонска Каменица. На средбата, која се одржа во нејзиниот кабинет, се разговараше за потребите на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства на локално ниво, како и за потешкотиите со кои тие се соочуваат во нивното секојдневно живеење. Членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица присуствуваа на хуманитарен настан кој се одржа на 6-ти декември, а во организација на здружението „Бели Гулаби" и општина Македонска Каменица во соработка со рудникот Саса.

Имајќи ја предвид овогодинешната тема на ОН за одбележување на 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, **Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Велес,** оваа година организираше работилница со млади средношколци, вклучени во програмата Access English Microscholarship. Оваа програма е едукативно-образовна, и е наменета за изучување на англискиот јазик и американската култура, а



се реализира во СОУ Гимназија „Кочо Рацин" – Велес. Во рамките на оваа програма, се обработуваат и теми поврзани со значајни меѓународни денови како што е Меѓународниот ден на лицата со попреченост. За таа цел се организираше интерактивна работилница, а ја водеше претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Велес, г-ѓа Весна Басаров. Во текот на работилницата учесниците имаа можност да се запознаат со значењето и историјатот на овој меѓународен ден, но и преку разни видови на интерактивни активности, поделени во групи, учениците се запознаа со различни видови на попреченост и како тие влијаат на секојдневниот живот на овие лица. Споделија лични искуства, научија неколку славни личности, кои и покрај попреченоста, успеале да достигнат успешна кариера и светска слава и добија „домашна задача" во текот на наредниот период да погледнат неколку филмови во кои се опишуваат животите на лица со попреченост. Притоа, секој од нив, во текот на наредниот период, треба да размисли со какви сè препреки се соочуваат лицата со попреченост во нашето опкружување и да дадат идеи како тоа може да се надмине.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Виница** спроведе низа активности за одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Една од нив беше и средбата со градоначалникот на Општината на која се разговараше за потребите и проблемите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства на локално ниво. По повод 3 декември, се реализираа и работилници со учениците од СОУ „Ванчо Прке" и волонтери од младинската организација на Црвен Крст – Виница на кои се изработуваа рачни изработки во духот на новогодишните и божиќните празници. Членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Виница





## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

и волонтери од Црвен Крст - Виница реализираа посета на дневниот центар во Виница за време на која се спроведе и работилница за изработка на украсни свеќи. Претставници на Мак Прогрес – Виница го посетија социјалниот клуб во Виница и на корисниците и подарија пакети со нивни производи. За време на посетата, сите заедно ја украсија и новогодишната елка во социјалниот клуб. На 4-ти декември, во општина Виница се одржа ко-дизајн работилница како дел од програмата URBACT Pioneers Accelerator, на која присуствуваа и претставници од ЦПЛИП – ПОРАКА Виница, посветена на уредување на Градскиот парк и развој на инклузивни, безбедни и функционални јавни зелени простори кои би биле пристапни за лица со попреченост.

По повод 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, **Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Штип** спроведе активности кои се осврнуваат на овогодинешната тема предложена од Обединетите нации. На 26-ти ноември во просториите на Заедницата на инвалидски организации (ЗИО) во Штип, членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип зедоа учество на креативна работилница на која, покрај нив, учествуваа и претставници од останатите организации членки на ЗИО. На работилницата се изработуваа фигури од гипс кои, потоа, се подарија на ДСУРЦ „Искра“. Во соработка со библиотеката НУУБ „Гоце Делчев“ беше одржана инклузивна работилница со корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип и ученици од ООУ „Гоце Делчев. Учесниците изработија постер со обоени отпечатоци од дланки и пораки за солидарност напишани на балони. На 3-ти декември се одржа спортско рекреативен настан во спортската сала „Јордан Мијалков“, кој беше поддржан од општина Штип. На овој настан, покрај останатите, учество зедоа и корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип. Настанот беше збогатен со програма подготвена од учениците при ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ Штип. За време на овој настан учесниците се натпреваруваа во различни спортски игри. Градоначалникот на општина Штип, г-н Иван Јорданов, додели вредносни ваучери кои се наменети за потребите на центрите кои зедоа учество на настанот. На 4-ти декември се одржа инклузивна работилница со корисниците на дневниот центар и учениците од насоката за физиотерапевти при СОУ „Јане Сандански“. Учениците демонстрираа практични вежби, внимателно прилагодени на потребите на корисниците, а со цел подобра подвижност, функционалност и општа психофизичка благосостојба. На 11-ти декември се одржа работилница со претставници од Заедницата на Хрвати Либертас од Штип. Овој настан претставува уште еден пример за важноста на меѓусебната соработка, поддршка и поврзување меѓу заедниците. На 17-ти декември ЦПЛИП – ПОРАКА Штип потпиша Меморандум за соработка со ДСУРЦ „Искра“ – Штип со кој се утврдуваат идни заеднички активности преку координирано делување. По попишување на меморандумот, беше организирана заедничка активност во духот на новогодишните празници. На 19-ти декември корисниците на дневниот центар ја посетија фабриката Adient Seating Stip. За време на посетата, корисниците имаа можност да прошетаат низ фабриката, да погледнат дел од производството и да се запознаат со работата на оваа фабрика.

Следејќи ги препораките на РЦПЛИП – ПОРАКА, но и на Обединетите нации, **Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Скопје** реализираше голем број активности. На 26-ти ноември, со цел запознавање со лицата со интелектуална попреченост, еден од едукаторите и неколку корисници во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје, Аеродром, остварија средба со ученици од ООУ „Браќа Миладиновци“. На средбата учениците имаа можност да слушнат и директно да разговараат со едукаторот и со лицата со интелектуална попреченост за нивните можности и потенцијали, како и за најчестите предрасуди поврзани за овие лица. На 28-ми ноември се реализираше заедничка работилница во СУГС „Владо Тасевски“, на која корисниците на дневниот центар во населба Аеродром, заедно со ученици од ова училиште го декорираа училишниот двор и ја китеа новогодишната елка. Исто така, на 28-ми ноември се реализираше работилница на која учествуваа корисници на дневниот центар во населба Капиштец и ученици од СУГС „Лазар Танев“. Работилницата се одржа во просториите на училиштето, при што учесниците подготвија компот од сезонско овошје. На 2-ри декември, во просториите на СГГУГС „Здравко Цветковски“ се одржа инклузивна работилница посветена на поттикнување на креативноста и заедништвото меѓу ученици од ова училиште и корисници на дневните центри во Скопје. На работилницата учесниците имаа можност да се изразат преку цртање, пеење, изработка на новогодишни украси и рачно направени музички инструменти. На 3-ти декември ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје одржа отворен ден во дневниот центар во Аеродром и ја одбележа 25-годишнината од формирањето на овој дневен центар. За таа цел, беше реализирана и заедничка работилница со учениците и дел од стручниот тим на СУГС „Владо Тасевски“. На 4-ти декември,





## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

во просториите на СУГС „Марија Склодовска – Кири“, се реализираше креативна работилница на која корисниците на дневниот центар во населба Аеродром и ученици од ова училиште изработуваа новогодишни честитки. На 5-ти декември, во центарот Rainbow Relax Kids, корисниците на дневните центри имаа можност да се запознаат со чекорите за релаксација и можноста за креативно изразување. На 11-ти декември во посета на дневниот центар во населба Капиштец беа проф. д-р Ладислав Цветковски и г-ѓа Ана Цветковска Панова, кои донираа магнетна табла која ќе се користи за спроведување на програмските активности во дневниот центар. Донатор е г-ѓа Вера Жерјул, пензиониран педагог од Трст, Италија, а во сеќавање на г-ѓа Марија Грација Цветковска, една од најистакнатите преведувачки на италијанска литература во Македонија. На 19-ти декември во ООУ „Александар Македонски“, се потпиша Меморандум за соработка и беше реализирана креативна работилница на која учесниците изработуваа новогодишен плакат.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Кавадарци**, го одбележа Меѓународниот ден на лицата со попреченост согласно насоките и темата предложени од Обединетите нации. За таа цел, се реализираа неколку средби со институциите на локално ниво кои делуваат во областа на попреченоста, и други чинители во општина Кавадарци, на кои се говореше за потребата од активно учество на лицата со интелектуална попреченост во животот на заедницата. Исто така, се реализираше и работилница во Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци на која корисниците ги изразија своите уметнички способности. Членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци присуствуваа на настанот „Подај рака“ кој беше организиран по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост и 50 годишнината од формирањето на посебната паралелка при ООУ „Страшо Пинџур“ во Кавадарци. Членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци зедоа учество и настан организиран по повод европската кошаркарска недела што се одржа во Скопје.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Гевгелија** по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост реализираше неколку активности. На 2-ри и 4-ти декември, се спроведоа заеднички работилници со младите волонтери од Клубот на млади при ОО Црвен крст - Гевгелија. На истите, корисниците на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија со помош на волонтерите направија повеќе рачни изработки и честитки со мотиви од Нова година. Овие изработки ќе





бидат претставени на новогодишниот базар во Гевгелија. Исто така, беше реализирана обука по прва помош во просториите на ОО Црвен крст - Гевгелија за членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија. Обуката ја водеше Душко Јанев, член на Клубот на млади и студент на Медицински факултет - Скопје. Оваа обука е од исклучително значење за родителите на лица со интелектуална попреченост имајќи предвид со какви ситуации и предизвици се соочуваат во нивното секојдневие.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Струмица** го одбележа 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост со неколку активности. Корисниците на социјалниот клуб на РЦПЛИП -ПОРАКА во Струмица го посетија музичкото училиште „Боро Џони“ каде имаа можност да пробаат да свират на различни музички инструменти, да учествуваат во мала музичка работилница и да се приклучат во заедничка музичка изведба. Корисниците на социјалниот клуб, исто така, беа во посета на Млекара Јока, долгогодишен пријател и поддржувач на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица. За време на посетата, корисниците имаа можност да се запознаат со начинот на производство на млеко, јогурт и други производи од млеко. Воедно се разговараше и за здравата исхрана и грижата за сопственото здравје преку умерена и урамнотежена исхрана. На покана на вработени во градината „Цвет“ во село Владевци, корисниците на социјалниот клуб имаа можност да ја посетат оваа градина и да поминат интересен и едукативен ден. Во рамки на посетата се одржа мала работилница на која беа презентирани различни видови на цвеќиња, основни техники и методи за садење, растење и наводнување и како тие се пакуваат и подготвуваат за понатамошна дистрибуција до цвеќари за продажба.



ПОРАКА

# Наша Страница

## Промоција на збирка „Мостови на другарството“

ЦПЛИП – ПОРАКА Битола, по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со попреченост ја промовираше инклузивната литературно—ликовна збирка „Мостови на другарство“. Настанот се одржа на 5-ти декември во Центарот за култура – Битола, а учествуваа корисници на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола и ученици од СОУ Гимназија „Јосип Броз - Тито“.






На настанот се презентираа и ликовните творби изработени од корисниците на социјалниот клуб и ученици од основни училишта во Битола кои се најдоа на страниците од збирката.

Градоначалникот на општина Битола, д-р Тони Коњановски, присуствуваше на промоцијата и повторно ја изрази својата и поддршката на општината за унапредување на состојбите на лицата со интелектуална попреченост на локално ниво.








ISSN 0350-5863